**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 03-10-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3628 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 26 септември 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**

   - **Членот 54 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудио комерцијални комуникации);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 12.07.2023 година, за непочитување на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-241 од 12.07.2023 година) на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (18.07.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 26 септември 2023 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*не е дозволено спонзорство на вести, актуелно-информативни програми за тековните настани и на верски програми*).

Во програмскиот сервис од 26 септември 2023 година, недозволено се спонзорирани изданијата на вестите, насловени: „*Спорт на Метрополис*“ (табела 1)

и „*Една минута позитивни факти според информациите добиени од Дирекцијата за технолошко - индустриски развојни зони и Совет на странски инвеститори*" (табела 2).

**Табела 1 – 26.09.2023 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Спорт на Метрополис" - **спонзорирано од Цевитана**; | 09:10:10 | 09:11:03 | *Недозволено спонзорство на вести.* |
| | 11:12:55 | 11:14:31 | |
| | 13:11:53 | 13:13:30 | |
| | 15:11:58 | 15:13:46 | |
| | 17:11:18 | 17:13:08 | |

**Табела 2 – 26.09.2023 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Една минута позитивни факти – според информациите добиени од **Дирекцијата за технолошко - индустриски развојни зони** и Совет на странски инвеститори" | 11:15:38 | 11:17:42 | *Недозволено спонзорство на вести.* |
| | 12:13:50 | 12:15:53 | |
| | 13:14:17 | 13:16:21 | |
| | 14:11:41 | 14:13:45 | |
| | 15:14:41 | 15:16:45 | |
| | 16:09:53 | 16:11:58 | |
| | 17:14:03 | 17:16:06 | |
| | 18:06:16 | 18:08:19 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на <u>членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>**, на програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, од 26 септември 2023 година, емитуван на државно ниво, беа спонзорирани вестите, односно изданијата на кусите дневноинформативни емисии насловени: „*Спорт на Метрополис*" и „*Една минута позитивни факти*".

9. **Предлог мерка:**

- И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 12.07.2023 година, Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО

ДОО Скопје не ја отстрани повредата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со точката 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***